Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), денес, **1 јуни 2016 година**, го презентираше годишниот извештај **Огледало на Владата 2015: Учество на јавноста во процесите на подготовка на закони**. Станува збор за трет по ред извештај, а резултатите покажуваат **тренд на уназадување на претходно постигнатите позитивни промени**.



Анализата се состои од два дела. Во првиот е **оценета отвореноста на органите на државна управа во комуникацијата со јавноста, во поддршката на граѓанските организации и во отвореноста при подготовка на конкретни предлог закони**. Предмет на анализа во вториот дел се резултатите од следењето на **минимумот стандарди и запазувањето на временскиот рок за консултации** за објавените предлог-закони на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).



Со анализата беа опфатени 11 министерства и 18 предлог-закони. Таа покажа **продлабочување на затвореноста на институциите**. Комуникациската средина на институциите и степенот на отвореност имаат просечна оцена 3,00 (на скала од 1 до 5) што е намалување во однос на 2012 г. кога била 3,47. Оцената на **околината за учество на јавноста во подготовката на законите е иста** 3,00, а институционалната поставеност на министерствата бележи мало подобрување од 2,88 просечна оцена во 2014 г. на 3,00. **Финансиската околина за вклучување на јавноста е незадоволителна** со просечна оцена 2,33, што е намалување наспроти оцената од 2014 г. која беше 2,50.

Вклученост на граѓанскиот сектор при следење и оцена на спроведување предлог-закони е на исто ниво, 3,67.

**Забележано е влошување на отвореноста на процесите на подготовка на предлог-закони.** Вкупната просечна оцена изнесува 2,67, а во 2014 г. била 3,1. **Влошен е и начинот на споделување на информации**
за процесот на подготовка на предлог-законот од 2,83 во 2014 г. на 2,5 во 2015 г.
**Комплетноста на информацијата за процесот на подготовка на предлог-законот е на исто ниво од 2014 г**
., 3,38. За жал,
**експертизата на граѓанскиот сектор**
за подготовка на стручни текстови и понатаму
**е непрепознаена**
па просечната оцена изнесува 1,4.
**Значително е влошено почитувањето на временската рамка за консултации и изнесува**
3 додека во 2014 таа била 4.
**Влошување бележи и вклучувањето на јавноста во текот на спроведувањето консултации**
. Просечната оцена сега изнесува 2,8 во споредба со 2014 кога изнесувала 3,2. Повратниот одговор на министерствата на предлозите и коментарите од граѓанскиот сектор бележи намалување од 2,2 во 2014 г., на 1,7 во 2015 г.

Министерството за култура, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање во континуитет се предводници на позитивните практики.

Вкупно 136 предлог-закон беа објавени на ЕНЕР во периодот на следење од 1 јануари до 31 декември 2015 г. Анализата констатира дека **министерствата не објавуваат голем дел од предлог-законите на ЕНЕР**
и покрај тоа што се должни да го направат тоа. Според статистиката на Собранието **во 2015 година биле донесени вкупно 541 закони на предлог на Владата, а за само 88 од нив (16%) претходно бил објавен текстот на нацрт-законот на ЕНЕР**
.




Огледало на Владата